Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19 и 1/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Годишниот извештај на Општина Центар-Скопје за 2020 година**

Се објавува Годишниот извештај на Општина Центар-Скопје за 2020 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 62. седница, одржана на 11.3.2021 година.

Бр. 09-1553/27
11.3.2021 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11, 192/15, 209/18 и 244/19 ) и член 26 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06), Советот на Општина Центар-Скопје на 62-та седница, одржана на 11.3.2021 година, усвои

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## на Општина Центар-Скопје за 2020 година

**Член 1**

Се усвојува Годишниот извештај на Општина Центар-Скопје за 2020 година.

**Член 2**

Составен дел на Годишниот извештај се:

- Годишна (завршна) сметка на Буџетот на Општина Центар-Скопје
- Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивната вредност
- Извештај за реализацијата на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок-дотациите и дотациите за делегирани надлежности
- Извештај за користење на средствата од тековната и од постојаната резерва
- Извештај од одговорниот сметководител со кој се потврдуваат точноста и веродостојноста на Годишната сметка

**Член 3**

Овој Годишен извештај влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-1553/26
11.3.2021 година

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**
Претседател
Цветанка Симоновска

## ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ

**Предлагач: Градоначалник на Општина Центар-Скопје**
**Саша Богдановиќ**

**Изготвувач: Сектор за финансиски прашања**

**Претставник: Раководител на Сектор за финансиски прашања**
**Мира Чановиќ Петровска**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ за 2020 година

**февруари 2020, Скопје**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА 2020 ГОДИНА**

Годишниот извештај на Општина Центар-Скопје за 2020 година го сочинува:

I. Годишна - Завршна сметка
Образложение за Годишната сметка
II. Извештај за реализацијата на инвестиционите програми, капиталните и блок-дотациите
III. Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност
IV. Годишен извештај за користењето на резервите
V. Извештај за состојбата на жиро-сметките заклучно со 31.12.2020 година
VI. Извештај од одговорниот сметководител

Општина Центар - Скопје

## I. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ГОДИШНАТА (ЗАВРШНАТА) СМЕТКА

Врз основа на член 33 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15; 209/18 и 244/19), општините имаат обврска да подготват и да достават Годишна сметка (Завршна сметка) за извршувањето на Буџетот на Општината.

**Во Годишната сметка на Општината се прикажани вкупните планирани приходи и расходи на годишно ниво и нивната реализација за периодот од 1.1.2020 година до 31.12.2020 година.** Во овој фискален период се остварени приходи и други приливи и реализирани се расходи и други одливи, како што следува подолу:

| ВКУПЕН БУЏЕТ | План | Реализирани приходи | Потрошен вишок на приходи од претходни години | Реализирани расходи |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| Основен буџет | 559,000,000.00 | 440,008,836.00 | 24,614,381.00 | 464,623,217.00 |
| Буџет на самомофинансирачки активности | 39,670,500.00 | 25,680,893.00 | 3,097,725.00 | 28,778,618.00 |
| Буџет на дотации | 329,968,000.00 | 327,070,996.00 | 586,508.00 | 327,657,504.00 |
| Буџет на донации | 21,819,884.00 | 12,765,613.00 | 632,294.00 | 13,397,907.00 |
| Буџет на кредити | 22,172,226.00 | 17,201,923.00 | 4,970,303.00 | 22,172,226.00 |
| **Вкупно** | **972,630,610.00** | **822,728,261.00** | **33,901,211.00** | **856,629,472.00** |

Од вкупно планираните приходи во износ од 972.630.610,00 денари, во периодот од 1.1.2020 година до 31.12.2020 година реализирани се **822.728.261,00** денари, што претставува 84,6% во однос на планираното, и тоа:

| ВКУПЕН БУЏЕТ | План | Реализирани приходи | % на оствар. | % на учество |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| Основен буџет | 559,000,000.00 | 440,008,836.00 | 78.7 | 53.5 |
| Буџет на самомофинансирачки активности | 39,670,500.00 | 25,680,893.00 | 64.7 | 3.1 |
| Буџет на дотации | 329,968,000.00 | 327,070,996.00 | 99.1 | 39.8 |
| Буџет на донации | 21,819,884.00 | 12,765,613.00 | 58.5 | 1.6 |
| Буџет на кредити | 22,172,226.00 | 17,201,923.00 | 77.6 | 2.1 |
| **Вкупно** | **972,630,610.00** | **822,728,261.00** | **84.6** | **100.0** |
| **Потрошен вишок на приходи од претходни години** | | **33,901,211.00** | | |
| **Вкупно** | **972,630,610.00** | **856,629,472.00** | **88.1** | |

Реализираните приходи по категории се прикажани во следната табела, при што најголемо учество во вкупните приходи имаат трансферите и донациите (42,1%), потоа се даночните приходи (39,7%)и неданочните приходи (10,9%).

| ВКУПЕН БУЏЕТ (Приходи) | План | Реализирани приходи | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|
| Даночни приходи | 409,630,000.00 | 340,445,834.00 | 83.1 | 39.7 |
| Неданочни приходи | 91,588,115.00 | 93,720,868.00 | 102.3 | 10.9 |
| Капитални приходи | 12,139,000.00 | 10,742,573.00 | 88.5 | 1.3 |
| Трансфери и донации | 442,071,572.00 | 360,617,063.00 | 81.6 | 42.1 |
| Домашно задолжување | 17,201,923.00 | 17,201,923.00 | 100.0 | 2.0 |
| **Потрошен вишок на приходи од претходни години** | | 33,901,211.00 | | |
| **Вкупно** | **972,630,610.00** | **856,629,472.00** | **88.1** | **100.0** |

Во **Основниот буџет** на Општината од планираните приходи во износ од 559.000.000,00 денари, во периодот од 1.1.2020 година до 31.12.2020 година реализирани се 464.623.217,00 денари, што претставува 83,1% од планираните приходи. Планирањето на одредени видови приходи се базира врз историски показатели и како резултат на тоа некои видови приходи се преценети, а некои се потценети, односно реализацијата е поголема или помала од планираното. Реализацијата на приходите во Основниот буџет на ниво на ставки е следна:

| | ОСНОВЕН БУЏЕТ | План | Реализација | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| 711 | Данок од доход, добивка и од капитални добивки | 9,740,000.00 | 15,970,043.00 | 164.0 | 3.4 |
| 713 | Даноци на имот | 161,000,000.00 | 183,914,349.00 | 114.2 | 39.6 |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 238,840,000.00 | 140,446,883.00 | 58.8 | 30.2 |
| 718 | Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 50,000.00 | 114,559.00 | 229.1 | 0.02 |
| 722 | Глоби , судски и административни такси | 1,350,000.00 | 1,288,220.00 | 95.4 | 0.3 |
| 723 | Такси и надоместоци | 1,000,000.00 | 1,138,890.00 | 113.9 | 0.2 |
| 725 | Други неданочни приходи | 61,000,000.00 | 65,356,212.00 | 107.1 | 14.1 |
| 733 | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 12,139,000.00 | 10,742,573.00 | 88.5 | 2.3 |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 73,881,000.00 | 45,612,301.00 | 61.7 | 9.8 |
| 742 | Донации од странство | 0.00 | 39,187.00 | | |
| | **Вкупно** | **559,000,000.00** | **464,623,217.00** | **83.1** | **100.0** |

Најголемо учество во вкупно остварените приходи имаат даноците на имот со учество од 39,6%, следни се даноците на специфични услуги со учество од 30,2% и други неданочни приходи со 14,1%.

Приходите во **Буџетот на самофинансирачки активности** се приходи што ги остваруваат буџетските корисници на Општина Центар, односно основните училишта и детските градинки, а се однесуваат на надоместоците за оброци во училиштата и во градинките, за целодневна и за претшколска грижа и приходи од издавање под закуп на деловен простор. Во буџетската 2020 година по оваа основа реализирани се приходи во вкупен износ од 28.778.618,00 денари, што претставува 72,5% од планираните приходи.

| | ОСНОВЕН БУЏЕТ | План | Реализација | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| 721 | Претприемачки приход и приход од имот | 0.00 | 521.00 | 0.0 | 0.00 |
| 723 | Такси и надоместоци | 27,970,115.00 | 25,566,469.00 | 91.4 | 88.8 |
| 724 | Други владини услуги | 0.00 | 3,053.00 | 0.0 | 0.01 |
| 725 | Други неданочни приходи | 268,000.00 | 110,850.00 | 41.4 | 0.4 |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 11,432,385.00 | 3,097,725.00 | 27.1 | 10.8 |
| | **Вкупно** | **39,670,500.00** | **28,778,618.00** | **72.5** | **100** |

Во **Буџетот на дотации** приходите пристигнуваат месечно по однапред утврдена динамика од Министерството за образование и наука и од Министерството за труд и социјална политика. Од вкупно планираните приходи во износ од 329.968.000,00 денари, до 31.12.2020 година реализирани се 327.657.504,00 денари, што претставува 99,3% од вкупно планираните приходи за 2020 година.

Во 2020 година во **Буџетот на донации** од вкупно планираните приходи во износ од 21.819.884,00 денари, реализирани се 13.397.907,00 денари, што претставува 61,4% од вкупно планираните приходи. Овие приходи се реализирани по основа на договори за донации што Општина Центар ги има склучено за реализација на проекти финансирани од донатори и договори за донаторско финансирање на буџетските единки корисници на Општина Центар (училишта и градинки).

Во **Буџетот на кредити** во 2020 година реализирани се приливи во износ од 22.172.226,00 денари. Приливите се остварени по основа на задолжувањето преку МСИП Проектот за подобрување на општинските услуги, на Меѓународната банка за

обнова и развој - Светска банка, а реализирано како договор за подзаем со Министерството за финансии, а овие средства се наменети за реализација на проектот „Реконструкција на водоводот на ул. „Титовелешка" и реконструкција на детската градинка 'Пепелашка'".

**Вкупните расходи** во Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2020 година, со кои се финансираат законски утврдените надлежности на Општината, реализирани се во вкупен износ од **856.629.472,00 денари**, што претставува 88,1% реализација од планираното (972.630.610,00 денари).

Во **Основниот буџет** на Општината од планираните расходи во износ од 559.000.000,00 денари, во периодот од 1.1.2020 година до 31.12.2020 година, реализирани се 464.623.217,00 денари, што претставува 83,1% од планираните расходи.

| | ОСНОВЕН БУЏЕТ | План | Реализација | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| | **ТЕКОВНО-ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | **348,571,900.00** | **309,939,475.00** | **88.92** | **66.71** |
| 401 | Основни плати | 40,760,000.00 | 39,506,985.00 | 96.93 | 8.50 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 16,014,900.00 | 15,155,394.00 | 94.63 | 3.26 |
| 404 | Надоместоци | 6,317,000.00 | 6,200,134.00 | 98.15 | 1.33 |
| 412 | Постојана резерва | 400,000.00 | 0.00 | - | - |
| 413 | Тековна резерва | 200,000.00 | 190,222.00 | 95.11 | 0.04 |
| 420 | Патни и дневни расходи | 80,000.00 | 38,048.00 | 47.56 | 0.01 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 39,130,000.00 | 33,006,386.00 | 84.35 | 7.10 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 6,590,000.00 | 4,090,170.00 | 62.07 | 0.88 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 40,050,000.00 | 28,956,603.00 | 72.30 | 6.23 |
| 425 | Договорни услуги | 50,985,000.00 | 38,738,722.00 | 75.98 | 8.34 |
| 426 | Други тековни расходи | 12,475,000.00 | 10,108,676.00 | 81.03 | 2.18 |
| 427 | Привремени вработувања | 15,300,000.00 | 15,266,729.00 | 99.78 | 3.29 |
| 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 13,800,000.00 | 13,786,689.00 | 99.90 | 2.97 |
| 461 | Субвенции за јавни претпријатија | 2,000,000.00 | 2,000,000.00 | 100.00 | 0.43 |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 16,000,000.00 | 16,000,000.00 | 100.00 | 3.44 |
| 464 | Разни трансфери | 26,670,000.00 | 25,206,661.00 | 94.51 | 5.43 |
| 471 | Социјални надоместоци | 5,000,000.00 | 4,930,073.00 | 98.60 | 1.06 |
| 492 | Отплата на главнина кон домашни институции | 56,800,000.00 | 56,757,983.00 | 99.93 | 12.22 |
| | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **210,428,100.00** | **154,683,742.00** | **73.51** | **33.29** |
| 480 | Купување опрема и машини | 10,600,100.00 | 5,924,802.00 | 55.89 | 1.28 |
| 481 | Градежни објекти | 70,395,000.00 | 55,834,295.00 | 79.32 | 12.02 |
| 482 | Други градежни објекти | 81,433,000.00 | 57,137,009.00 | 70.16 | 12.30 |
| 485 | Вложување и нефинансиски средства | 47,000,000.00 | 35,787,636.00 | 76.14 | 7.70 |
| 486 | Купување на возила | 1,000,000.00 | 0.00 | - | - |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **559,000,000.00** | **464,623,217.00** | **83.12** | **100** |

Подредени по потпрограми, реализацијата на расходите е следна:

Во Потпрограмата **А00 – Совет на Општината** планирани се расходи во износ од 77.520.000,00 денари, а реализирани се во износ од 76.522.799,00 денари, што претставува 98,7% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма. Трошоците во оваа Потпрограма се однесуваат на надоместоците за советниците во Советот на Општина Центар-Скопје, телефоните, исплатата на каматата и на главнината за кредитните задолжувања во Тутунска банка и во Комерцијална банка.

Во Потпрограмата **Д00 – Градоначалник** планирани се расходи во износ од 10.519.000,00 денари, а реализирани се во износ од 10.151.685,00 денари, што претставува 96,5% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма. Во оваа Потпрограма опфатени се расходите за плата и за придонеси на Градоначалникот, телефон, трошоци за испратнина при пензионирање на вработени во основните училишта и во детските градинки, надоместок во случај на смрт на вработени и членови на потесното семејство и плаќања за реализацијата на проектот „Сервис за стари лица".

Во Потпрограмата **Е00 – Општинска администрација** планирани се расходи во износ од 101.912.900,00 денари, а реализирани се во износ од 93.033.787,00 денари, што претставува 91,3% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма. Расходите што се опфатени со оваа Потпрограма се однесуваат на платите и придонесите на вработените во Општината, трошоците за службени патувања, комуналните услуги (електрична енергија, гориво, парно, вода, ѓубретарина, пошта, телефон, регистрација на моторни возила), на ситен инвентар (средства за одржување хигиена, списанија и други изданија за користење од вработените, канцелариски материјали, ситен инвентар, материјали за поправки), поправки и тековно одржување (поправки и сервисирање на возила, поправки и одржување на компјутерска и друга опрема), договорни услуги (осигурување на недвижен имот и возила, правни услуги, судски такси, преведувачи, консултантски услуги), други тековни расходи (членарини во домашни организации - Здружение на единици на локална самоуправа, Скопски плански регион, учество на вработените на семинари и на конференции, за објавување огласи, обврски по основа за ДДВ), социјални надоместоци (помош за новороденчиња, социјална помош за граѓани).

Во Потпрограмата **ЕА0 – Капитални трошоци на Општината** планирани се расходи во износ од 13.350.000,00 денари, а реализирани се во износ од 9.456.439,00 денари, што претставува 70,8% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма. Расходите што се опфатени со оваа Потпрограма се однесуваат на набавка на Централизиран видеомониторинг(камери, ресивери и простор за запишување на материјал од камера), купување на опрема за греење и климатизација, реконструкција на објектот на поранешно Матично и софтверско решение ГИС.

Во Потпрограмата **Ф10 – Урбанистичко планирање** планирани се расходи во износ од 9.750.000,00 денари, а реализирани се во износ од 2.901.993,00 денари, што претставува 29,8% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се

однесуваат на изработката на деталните урбанистички планови, консултантските услуги и објавувањето огласи.

Во Потпрограмата **Ф20 – Уредување на градежно земјиште** планирани се расходи во износ од 10.600.000,00 денари, а реализирани се во износ од 6.500.767,00 денари, што претставува 61,3% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на уривањето на времени објекти и објавување огласи.

Во Потпрограмата **ФА0 – Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)** планирани се расходи во износ од 20.900.000,00 денари, а реализирани се во износ од 17.560.784,00 денари, што претставува 84% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на изработката на геодетски елаборати и плаќања по судски пресуди, и тоа: 10.000.000,00 денари му се исплатени на лицето Слободан Ангеловски по Пресуда ГЖ-4862/19 од 22.1.2020 година на Апелациониот суд во Скопје за надомест на материјална штета - за средства вложени во изградба на објект што се произлезени од прекинот на градбата и исплатени се средства во износ од 7.296.000,00 денари по Решение 2ВПП-177/19 од Основниот граѓански суд Скопје за експроприран недвижен имот заради изградба на плоштадот „Пресвета Богородица".

Во Потпрограмата **ФАА – Реконструкција и изградба на инфраструктура (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 38.600.000,00 денари, а реализирани се во износ од 27.786.082,00 денари, што претставува 72% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на: изградба на инфраструктура, коловоз и тротоари на ул. „Новопланирана 2" крак на ул. „Васил Ѓоргов" и плаќање надоместок за одземен имот (експропријација).

Во Потпрограмата **Г10 – Поддршка на локалниот економски развој** планирани се расходи во износ од 170.000,00 денари, реализирани се во износ од 96.107,00 денари, а се однесуваат на годишна членарина во АЛДА.

Во Потпрограмата **ГА0 – Изградба на комерцијални објекти** планирани се расходи во износ од 3.400.000,00 денари, реализирани се во износ од 3.379.698,00 денари, што претставува 99,4% од планираното, а се однесуваат на уредување на излозите и рекламите на 18 дуќани во Старата скопска чаршија.

Во Потпрограмата **ГД0 – Проекти за енергетска ефикасност** планирани се расходи во износ од 10.670.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од 2.780.156,00 денари, што претставува 26% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на финансиска поддршка за поправка и санација на постојни покривни конструкции и лифтови во станбени згради.

Во Потпрограмата **Ј00 – Одржување на урбана опрема** планирани се расходи во износ од 2.000.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од 1.566.804,00 денари, што претставува 78,3% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на трошоци за санација и за одржување на урбана опрема.

Во Потпрограмата **Ј30 – Јавно осветлување** планирани се расходи во износ од 33.500.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од 29.358.623,00 денари,

што претставува 87,6% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на трошоци за потрошена енергија за улично осветлување и за негово одржување.

Во Потпрограмата **J40 – Јавна чистота** планирани се расходи во износ од 27.250.000,00 денари, реализирани се во износ од 25.913.920,00 денари, што претставува 95% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма, а се однесуваат на исплата на плати за времено ангажираните работници задолжени за одржување на јавната чистота, за набавка на алат за работниците и за депонирање на комуналниот отпад.

Во Потпрограмата **J60 – Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќај** планирани се расходи во износ од 17.540.000,00 денари, а реализирани се во износ од 15.311.429,00 денари, што претставува 87,3% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, кои се искористени за зимско одржување на улиците и за санација на ударни дупки.

Во Потпрограмата **J70 – Одржување и користење на паркови и зеленило** планирани се расходи во износ од 4.000.000,00 денари, а реализирани се во износ од 1.032.252,00 денари, што претставува 25,8% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, кои се однесуваат на одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Центар-Скопје.

Во Потпрограмата **J80 – Други комунални услуги** планирани се расходи во износ од 2.800.000,00 денари, реализирани се во износ од 2.124.974,00 денари, што претставува 75,9%, а се однесуваат на дезинфекција, дезинсекција и дератизација на територијата на Општина Центар-Скопје.

Во Потпрограмата **J90 – Одржување на простори за паркирање** планирани се расходи во износ од 2.000.000,00 денари, реализирани се во износ од 2.000.000,00 денари, а се однесуваат на субвенционирање на ЈП Паркинзи на Општина Центар за реализација на проектот "Зелена платежна картичка".

Во Потпрограмата **ЈД0 – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици** планирани се расходи во износ од 23.300.000,00 денари, а реализирани се во износ од 17.756.545,00 денари, што претставува 76,2% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а искористени се за изработка на проекти и изградба и реконструкција на сервисни и на станбени улици.

Во Потпрограмата **ЈДА – Реконструкција и изградба на инфраструктура (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 5.050.000,00 денари, а реализирани се во износ од 4.440.216,00 денари, што претставува 87,9% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на плаќања по завршни ситуации за изградба на инфраструктура и реконструкција на коловоз и тротоари на ул. „Ганчо Хаџипанзов" и ул. „ Караорман".

Во Потпрограмата **ЈДБ – Реконструкција на улица "Орце Николов" (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 10.000.000,00 денари, а реализирани се во износ од 3.079.366,00 денари, што претставува 30,8% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на санација и дислокација на инфраструктурни мрежи за реконструкција на ул. „Орце Николов"

Во Потпрограмата **ЈДЕ – Реконструкција на улици во локалитет Буњаковец (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 4.550.000,00 денари, а реализирани се во износ од 4.545.429,00 денари, што претставува 99,9% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на реконструкција на ул."9 Мај".

Во Потпрограмата **ЈМ0 – Паркови и зеленило (капитални расходи)** планирани се расходи во износ од 3.000.000,00 денари, реализирани се во износ од 2.913.637,00 денари, што претставува 97,1% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма, а се однесуваат на реконструкција на зеленило и замена на исушени дрворедни садници на Сквер Јадран, ул. „Максим Горки" и ул. „8 Ударна бригада".

Во Потпрограмата **ЈН0 – Урбана опрема (капитални расходи)** планирани се расходи во износ од 4.850.000,00 денари, реализирани се во износ од 4.625.366,00 денари, што претставува 95,4% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма, а се однесуваат на изработка и монтажа на клупи,канти за отпадоци, столпчиња, држачи за велосипеди и гумени подлоги за детски игралишта.

Во Потпрограмата **К4 – Културни манифестации и творештва** планирани се расходи во износ од 10.180.000,00 денари, реализирани се во износ од 9.909.687,00 денари, што претставува 97,3% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на финансирање проекти од локален интерес во областа на сценската уметност избрани по објавениот конкурс и за доделување стипендии на ученици во областа на културното творештво.

Во Потпрограмата **Л0 – Спорт и рекреација** планирани се расходи во износ од 16.865.000,00 денари, а реализирани се во износ од 16.729.646,00 денари, што претставува 99% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а искористени се за финансирање на активностите на Кошаркарскиот клуб „Работнички" и за доделување спортски стипендии.

Во Потпрограмата **ЛА – Спорт и рекреација (капитални трошоци)** планирани се расходи во износ од 11.685.000,00 денари, а реализирани се во износ од 7.733.397,00 денари, што претставува 66,2% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а искористени се за изградба на детско спортско игралиште во Дебар Маало ул. „Славка Недиќ" и за реконструкција на детски и спортски игралишта на територија на Општина Центар.

Во Потпрограмата **Р1 – Заштита на животната средина** планирани се расходи во износ од 5.100.000,00 денари, а реализирани се во износ од 4.258.647,00 денари, што претставува 83,5% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма,а се однесуваат на расчистување на диви депонии и субвенционирање на велосипеди и тротинети.

Во Потпрограмата **РА – Заштита на животната средина (капитални расходи)** планирани се расходи во износ од 5.413.100,00 денари, а реализирани се во износ од 5.412.298,00 денари, а се однесуваат на набавка и поставување на топлински пумпи за греење и ладење во ЈОУДГ „Кочо Рацин" клон „Панорама" и партерно и хортикултурно уредување на дворот во ООУ „Коле Неделковски", средства добиени од Буџетот на РСМ наменети за унапредување на животната средина, односно за намалување на аерозагадувањето.

Во Потпрограмата **Н10 – Основно образование** планирани се расходи во износ од 10.985.000,00 денари, реализирани се во износ од 8.122.555,00 денари, што претставува 73,9% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на плаќање на обврските на училиштата за користење парно греење и електрична енергија, за обезбедување на училиштата, за средства за хигиена, награди за наставниците, стипендии за поддршка на млади таленти, наставницки по физичко воспитување во одделенска настава.

Во Потпрограмата **НА0 – Образование (капитални расходи)** планирани се расходи во износ од 12.670.000,00 денари, а реализирани се во износ од 7.159.199,00 денари, што претставува 56,5% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма. Овие средства се искористени за санација и реконструкција на дел од објектот на ООУ „11 Октомври" и санациони и реконструктивни зафати во другите основни училишта.

Во Потпрограмата **НАБ – Изградба на основно училиште во населбата Капиштец (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 25.500.000,00 денари, а реализирани се 25.406.890,00 денари, што претставува 99% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на плаќање на остатокот од завршната ситуација за изградба на основното училиште „Киро Глигоров"

Во Потпрограмата **В10 – Детски градинки** планирани се расходи во износ од 3.180.000,00 денари, реализирани се расходи во износ од 1.891.555,00 денари, што претставува 59,5% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а овие средства се искористени за плаќање на обврските на градинките за централно греење, електрична енергија, вода, ѓубретарина; за набавка на средства за хигиена и награди за најдобрите воспитувачки и негувателки во градинките во Општина Центар-Скопје.

Во Потпрограмата **ВА0 – Социјална заштита и заштита на деца (капитални расходи)** планирани се расходи во износ од 1.395.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од 1.170.732,00 денари, што претставува 83,9% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма. Овие средства се потрошени за замена на подови во ЈОУДГ „Р.Ј.Корчагин" објект „Пинокио" и санациони и реконструктивни зафати во другите градинки.

Во Потпрограмата **ВАА – Реконструкција на детски градинки (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 11.170.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од 11.168.337,00 денари, и истите се искористени за реконструкција на ЈОУДГ „Р.Ј.Корчагин" објект „Пепелашка"

Во **Буџетот на самофинансирачки активности** на Општината од планираните расходи во износ од 39.670.500,00 денари, во периодот од 1.1.2020 година до 31.12.2020 година реализирани се 28.778.618,00 денари, што претставува 72,5% од планираните расходи. Расходите на самофинансирачките активности, всушност, се расходи на основните училишта и на детските градинки под надлежност на Општината и се однесуваат на трошоци за комунални услуги (електрична енергија, гориво, парно, вода, ѓубретарина, пошта, телефон), средства за одржување хигиена, канцелариски материјали и наставни помагала, поправки и тековно одржување, договорни услуги. Тие се прикажани по основни намени во следната табела:

| БУЏЕТ НА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ | | План | Реализација | % на реализација | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| | **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | **37,450,020.00** | **26,788,119.00** | **71.53** | **93.08** |
| 420 | ПАТНИ И ДНЕВНИ РАСХОДИ | 269,000.00 | 169,300.00 | 62.94 | 0.59 |
| 421 | КОМУНАЛНИ УСЛУГИ, ГРЕЕЊЕ, КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПОРТ | 7,851,200.00 | 5,463,789.00 | 69.59 | 18.99 |
| 423 | МАТЕРИЈАЛИ И СИТЕН ИНВЕНТАР | 14,633,400.00 | 9,656,839.00 | 65.99 | 33.56 |
| 424 | ПОПРАВКИ И ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ | 8,519,500.00 | 7,194,069.00 | 84.44 | 25.00 |
| 425 | ДОГОВОРНИ УСЛУГИ | 3,691,120.00 | 2,570,510.00 | 69.64 | 8.93 |
| 426 | ДРУГИ ТЕКОВНИ РАСХОДИ | 2,485,800.00 | 1,733,612.00 | 69.74 | 6.02 |
| | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **2,220,480.00** | **1,990,499.00** | **89.64** | **6.92** |
| 480 | КУПУВАЊЕ ОПРЕМА И МАШИНИ | 913,980.00 | 724,974.00 | 79.32 | 2.52 |
| 483 | КУПУВАЊЕ МЕБЕЛ | 1,245,500.00 | 1,204,525.00 | 96.71 | 4.19 |
| 485 | ВЛОЖУВАЊЕ И НЕФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА | 61,000.00 | 61,000.00 | 100.00 | 0.21 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **39,670,500.00** | **28,778,618.00** | **72.54** | **100.00** |

Во **Буџетот на дотации** на Општината од планираните расходи во износ од 329.968.000,00 денари, во периодот од 1.1.2020 година до 31.12.2020 година реализирани се 327.657.504,00 денари, што претставува 99,3% од планираните расходи. За основното образование од вкупно планираните расходи од дотациите во износ од 218.597.000,00 денари реализирани се 217.618.168,00 денари, што претставува 99,5% од планираните расходи. Средствата се потрошени за плати и придонеси за вработените во основното образование, за комунални услуги, и други обврски на основните училишта на територијата на Општина Центар- Скопје. За детските градинки од вкупно планираните расходи од дотациите во износ од 111.371.000,00 денари реализирани се 110.039.336,00 денари, што претставува 98,8% од планираните расходи. Средствата се потрошени за плати и за придонеси за вработените во детските градинки, за комунални услуги, поправки и тековно одржување, договорни услуги и други обврски на детските градинки на територијата на Општина Центар-Скопје. Тие се прикажани по основни намени во следната табела:

| БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ | | План | Реализирано | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| 401 | Основни плати и надоместоци | 225,711,000.00 | 224,417,007.00 | 99.43 | 68.49 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 87,773,700.00 | 87,110,404.00 | 99.24 | 26.59 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 13,595,600.00 | 13,444,277.00 | 98.89 | 4.10 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 510,500.00 | 420,440.00 | 82.36 | 0.13 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 1,294,600.00 | 1,258,717.00 | 97.23 | 0.38 |
| 425 | Договорни услуги | 876,300.00 | 829,450.00 | 94.65 | 0.25 |
| 426 | Други тековни расходи | 206,300.00 | 177,209.00 | 85.90 | 0.05 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **329,968,000.00** | **327,657,504.00** | **99.30** | **100.00** |

Во **Буџетот на донации** реализирани се расходи во износ од 13.397.907,00 денари. Во рамките на овој буџет средствата се користат за реализација на донаторски проекти на Општината и на институциите (основни училишта и детски градинки) под надлежност на Општината за реализација на проекти под покровителство на европски фондови со намена за унапредување на квалитетот во образованието и детската заштита. Тие се прикажани по основни намени во следната табела:

| БУЏЕТ НА ДОНАЦИИ | | План | Реализација | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| | **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | **13,159,084.00** | **5,995,246.00** | **45.56** | **44.75** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 2,671,270.00 | 0.00 | - | - |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 42,000.00 | 0.00 | - | - |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 632,500.00 | 78,212.00 | 12.37 | 0.58 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 262,000.00 | 0.00 | - | - |
| 425 | Договорни услуги | 2,075,085.00 | 273,955.00 | 13.20 | 2.04 |
| 426 | Други тековни расходи | 777,640.00 | 137,169.00 | 17.64 | 1.02 |
| 464 | Разни трансфери | 6,698,589.00 | 5,505,910.00 | 82.20 | 41.10 |
| | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **8,660,800.00** | **7,402,661.00** | **85.47** | **88.25** |
| 480 | Купување опрема и машини | 4,808,720.00 | 3,862,658.00 | 80.33 | 28.83 |
| 481 | Градежни објекти | 1,180,000.00 | 1,172,923.00 | 99.40 | 8.75 |
| 483 | Купување мебел | 2,672,080.00 | 2,367,080.00 | 88.59 | 17.67 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **21,819,884.00** | **13,397,907.00** | **61.40** | **100.00** |

Во **Буџетот на кредити** реализирани се расходи во износ од 22.172.226,00 денари. Овие средства се искористени за реализација на проектот „Реконструкција на водоводот на ул. "Титовелешка" и реконструкција на детската градинка "Пепелашка".

## II. ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ИНВЕСТИЦИОНИТЕ ПРОГРАМИ, КАПИТАЛНИТЕ И БЛОК-ДОТАЦИИТЕ

### 1. Реализација на инвестиционите програми

Во текот на 2020 година, во согласност со донесените програми од Советот, Општина Центар-Скопје реализираше повеќе инвестициони работи.

- По Програма Ф, Потпрограма **ФА – Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)** реализирани се капитални инвестиции во вкупна вредност од **28.050.866,00 денари**, и тоа:
- Изработени се: проект за геодетски елаборати во функција на уредување на градежното земјиште во вкупна вредност од 239.868,00 денари,
- Изведени се работи за изградба на инфраструктура, коловоз и тротоари на ул. „Новопланирана 2", крак на ул. „Васил Ѓоргов" во вкупна вредност од 10.124.578,00 денари, како дел од повеќегодишната развојна програма и
- Реализирано е плаќање на надоместок за одземен имот (експропријација) за ул. „Новопланирана 2", крак на ул. „Васил Ѓоргов" во износ од 17.686.420,00 денари.

- Најзначајните капитални вложувања на Општина Центар во 2020 година по **Програмата за комунални дејности** се наменети за реализација на следниве потпрограми:

Во рамките на Потпрограмата **ЈД – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици** изведени се капитални инвестиции во вкупна вредност од **33.350.166,00 денари**, и тоа:

- Изработени се проекти за изградба и реконструкција на сервисни и станбени улици во вкупна вредност од 6.150.794,00 денари, вклучително проекти за водоводна и фекална мрежа, проекти за коловоз и тротоари и сообраќајни проекти, како и ревизија на истите;
- Изведена е реконструкција на улици во вкупна вредност од 26.972.484,00 денари, и тоа: санација и реконструкција на инфраструктурни системи и тротоари; сообраќајна сигнализација; реконструкција на ул. „Петричка"; реконструкција на партер на Сквер Јадран; реконструкција на ул. „Титовелешка" (проект финансиран со подзаем од Министерството за финансии); како и реконструкции на ул. „Ганчо Хаџипанзов", ул. „9ти Мај" и

санација и дислокација на инфраструктурни мрежи за реконструкција на ул. „Орце Николов" како дел од Планот на програми за развој и

- За сите изведени активности по оваа Потпрограма извршен е надзор во вкупен износ од 226.888,00 денари.

Во рамките на Потпрограмата **ЈМ – Паркови и зеленило** (капитални расходи) во текот на 2020 година изведени се капитални инвестиции во вредност од **2.913.637,00 денари** за реконструкција на зеленило и замена на исушени дрворедни садници на Сквер Јадран, ул. „Максим Горки" и ул. „8 Ударна бригада".

Во рамките на Потпрограмата **ЈН – Урбана опрема** (капитални расходи) во текот на 2020 година изработени се и монтирани се клупи,канти за отпадоци, столпчиња, држачи за велосипеди и гумени подлоги за детски игралишта во вредност од **4.625.366,00 денари**.

По Потпрограмата **ГА – Изградба на комерцијални објекти** реализирани се капитални инвестиции во вкупна вредност од **3.379.698,00 денари** за уредување на излозите и рекламите на 18 дуќани во Старата скопска чаршија.

По Потпрограмата **ГД – Проекти за енергетска ефикасност** реализирани се активности во вкупна вредност од **2.780.156,00 денари**, од кои: 267.911,00 денари за изработка на елаборат за енергетска ефикасност на објект и ревизија на проекти за реконструкција на фасади на колективни станбени згради избрани на јавен повик за пријавување на заинтересирани заедници на сопственици на станови од подрачјето на Општина Центар; и 2.512.245,00 денари за финансиска поддршка за поправка и санација на постојни покривни конструкции и лифтови во станбени згради.

По Потпрограмата **ЛА – Спорт и рекреација (Капитални трошоци)** изведени се капитални инвестиции во вкупна вредност од **7.733.397,00 денари**, од кои: 5.468.008,00 денари за изградба на детско спортско игралиште во Дебар Маало ул. „Славка Недиќ"; 1.830.959,00 денари за реконструкција на спортско игралиште за кошарка на ул. „Орце Николов" во близина на Соборен Храм и 434.430,00 денари за изведба на бетонска плоча на детско игралиште позади Билна аптека и детско игралиште во ЈОУДГ „Кочо Рацин" клон „Н.Н.Борче".

По Програмата **РА – Заштита на животна средина и природа (капитални расходи)** реализирани се капитални инвестиции во вкупна вредност од **5.412.298,00 денари**, и тоа: 4.000.082,00 денари за набавка и поставување на топлински пумпи за греење и ладење во ЈОУДГ „Кочо Рацин" клон „Панорама" и 1.412.216,00 денари за партерно и хортикултурно уредување на дворот во ООУ „Коле Неделковски", средства добиени од Буџетот на РСМ наменети за унапредување на животната средина, односно за намалување на аерозагадувањето.

- Во **основните училишта** во 2020 година реализирани се капитални инвестиции во износ од **33.363.833,00 денари**, и тоа: за плаќање на остатокот од завршната ситуација за изградба на основното училиште „Киро Глигоров" во износ од 25.406.890,00 денари; за санација и реконструкција на дел од објектот на ООУ „11 Октомври" во износ од 6.636.821,00 денари и 1.320.122,00 денари за санациони и реконструктивни зафати во другите

основни училишта и за извршен стручен надзор над изведените работи по оваа програма.

- Во **детските градинки** во 2020 година изведени се капитални инвестиции во вкупна вредност од **35.184.560,00 денари**, и тоа:

  - 29.672.464,00 денари за реконструкција на ЈОУДГ „Р.Ј.Корчагин" објект „Пепелашка", од кои 11.028.848,00 денари се средства од основниот буџет на општината и 18.643.616,00 денари средства од под-заемот добиен од Министерство за финансии во рамките на Проектот за подобрување на општиските услуги ( проект МСИП);

  - 2.814.300,00 денари за опремување со мебел и кујнска опрема на истиот објект, кои средства се добиени како грант од Министерството за финансии по успешно реализираниот Проект за подобрување на општинските услуги (реконструкција на објектот „Пепелашка");

  - 1.387.575,00 денари за опремување на сензорни соби во трите матични објекти на детските градинки, како дел од Проектот „Зајакнување на капацитетите на градинките за успешна социјална инклузија", финансиран со донаторски средства од UNDP, а од основниот буџет на општината во функција на овој проект, реализирани се средства во износ од 59.251,00 денар за проектна документација;

  - 1.100.008,00 денари за замена на подови во ЈОУДГ „Р.Ј.Корчагин" објект „Пинокио" и санациони и реконструктивни зафати во другите градинки и

  - 150.962,00 денари за извршен стручен надзор над изведените работи по оваа програма.

- По Потпрограмата **ЕА – Капитални трошоци на Општината** реализирани се капитални инвестиции во вкупна вредност од **10.629.362,00 денари**, а се однесуваат на:
  - 1.924.720,00 денари за набавка на Централизиран видеомониторинг (камери, ресивери и простор за запишување на материјал од камера) и купување на опрема за греење и климатизација и друга опрема;

  - 6.138.000,00 денари за изработка на проектна документација и за реконструкција на објектот на поранешно Матично, од кои 4.965.077,00 денари се средства од основниот буџет на општината и 1.172.923,00 денари се донаторски средства од UNDP;

  - 1.761.426,00 денари за плаќање на завршните ситуации за санација и реконструкција на објекти на УЗ „Дане Крапчев", УЗ „Р.Ј.Корчагин" и Дневниот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост над 18 години и за извршениот стручен надзор над изведените работи

  - 805.216,00 денари за Превентивно и адаптивно одржување на ГИС софтвер и внесување на ДУП во дата база.

## 2. Реализација на блок-дотациите

**Блок-дотациите** од Буџетот на Република Северна Македонија со кои Општина Центар-Скопје ги финансира своите надлежности во социјалната и во детската заштита и во образованието за 2020 година изнесуваа вкупно **327.657.504,00 денари**, од кои 217.618.168,00 денари беа наменети за финансирање на надлежноста основно образование и 110.039.336,00 денари за финансирање на надлежноста детска заштита.

- Блок-дотацијата наменета за **основно образование** беше распределена по видови расходи, и тоа: **203.837.097,00 денари** за плати и надоместоци за вработените и **13.781.071,00 денари** за тековно-оперативни трошоци.

Реализацијата на блок-дотацијата за тековно-оперативните расходи по училиштата се одвиваше на следниов начин:

- За тековно одржување на ООУ „Коле Неделковски" реализирани се трошоци во износ од 1.676.000,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „Ј.Х. Песталоци" реализирани се трошоци во износ од 2.381.440,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „Кочо Рацин" реализирани се трошоци во износ од 1.913.424,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „Гоце Делчев" реализирани се трошоци во износ од 1.427.583,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „11 Октомври" реализирани се трошоци во износ од 2.095.617,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „Димитар Миладинов" реализирани се трошоци во износ од 2.314.723,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „Кирил и Методиј" реализирани се трошоци во износ од 1.392.284,00 денари и
- За тековно одржување на ООУ „Киро Глигоров" реализирани се трошоци во износ од 580.000,00 денари

- Блок-дотацијата наменета за **детските градинки** беше распределена по видови расходи, и тоа: **107.690.314,00 денари** за плати и надоместоци за вработените и **2.349.022,00 денари** за тековно-оперативни трошоци.

Реализацијата на блок-дотацијата за тековно-оперативните расходи по градинките се одвиваше на следниов начин:

- За тековно одржување на ЈУДГ „Р.Ј.Корчагин" реализирани се трошоци во износ од 249.890,00 денари
- За тековно одржување на ЈУДГ „Кочо Рацин" реализирани се трошоци во износ од 799.664,00 денари
- За тековно одржување на ЈУДГ „13 Ноември" реализирани се трошоци во износ од 1.299.468,00 денари.

## III. ИЗВЕШТАЈ ЗА СРЕДСТВАТА, ПОБАРУВАЊАТА, ОБВРСКИТЕ И ИЗВОРИТЕ НА СРЕДСТВАТА И НИВНАТА ВРЕДНОСТ

### ПОБАРУВАЊА

Во 2020 година во сметководствената евиденција на Општина Центар-Скопје се прокнижени и потврдени побарувања врз повеќе основи, и тоа: побарувања врз основа на надоместок за уредување на градежно земјиште од правни и од физички лица, побарувања од закупнини, побарувања по основа на присилно административно извршување - уривање на диваоградби и отстранување на урбана опрема, побарувања од данок на имот на физички и на правни лица, побарување за комунална такса за фирма, побарување по основа на комунална такса за паркирање и други што имаат учество во приходите што ги остварува Општина Центар-Скопје.

Состојба на средствата и изворите на средствата на 31.12.2020 година е следна:

| | | Редовни побарувања | Спорни и сомнителни побарувања |
|---|---|---|---|
| 1. | Побарувања по основа на надоместок за уредување на градежно земјиште | 6.650.380,00 | 4.225.645,00 |
| 2. | Побарувања по основа на даден деловен простор под закуп | 127.866,00 | 121.093,00 |
| 3. | Побарувања по основа на присилно административно извршување - уривање дивоградби и отстранување на урбана опрема | 7.447.158,00 | 15.541.518,00 |
| 4. | Побарувања по основа на данок на имот за физички лица | 61.939.233,00 | - |
| 5. | Побарувања по основа на данок на имот за правни лица | 54.150.688,00 | - |
| 6. | Побарувања по основа на комунална такса за истакнување на фирма, односно деловна просторија | 45.014.391,00 | - |
| 7. | Побарувања по основа на комунална такса за паркирање | 25.339.647,00 | - |
| | **Вкупни побарувања** | **200.669.363,00** | **19.888.256,00** |
| **Вкупни побарувања** | | **220.557.619,00** | |

- **Побарувања по основа на надоместок за уредување на градежно земјиште**

Побарувањата во износ од 6.650.380,00 денари се побарувања од правни и од физички лица со кои Општина Центар-Скопје има склучено договори за плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште на рати. Износот од 4.225.645,00 денари се спорни и сомнителни побарувања од претходни години.

- **Побарувања по основа на даден деловен простор под закуп**

Општина Центар-Скопје им издава деловен простор под закуп на правни лица што изразиле интерес за најмување простор во согласност со нивните деловни потреби. За таа намена Општината има склучено договори за закуп на деловен простор за кои Секторот за финансиски прашања доставува фактури до закупците на месечна основа. Во сметководствената евиденција заклучно со 31.12.2020 година евидентирани се редовни побарувања од закуп на деловен простор во износ од 127.866,00 денари и 121.093,00 денари од спорни и сомнителни побарувања.

**- Побарувања по основа на присилно административно извршување - уривање на диоградби и отстранување на урбана опрема**

Побарувањата по основа на присилно административно извршување - уривање на дивоградби и отстранување на урбана опрема заклучно со 31.12.2020 година изнесуваат 7.447.158,00 денари и 15.541.518,00 денари од спорни и сомнителни побарувања. Спорните и сомнителни побарувањата по оваа основа се пренесени од претходните години и за поголем дел од нив се води судска постапка за наплата.

- **Побарувања по основа на данок на имот од физички и од правни лица и комунална такса за фирма**

Побарувањата по основа на данок на имот од физички и од правни лица и комунална такса за фирма се делат меѓу Општината и Градот Скопје и нив ги администрира Градот Скопје. Според добиениот преглед за заеднички побарувања од Градот Скопје, побарувањата по основа на данок на имот од физички лица изнесуваат 61.939.233,00 денари, побарувањата за данок на имот од правни лица изнесуваат 54.150.688,00 денари и побарувањата по основа на комунална такса за фирма изнесуваат 45.014.391,00денари.

**- Побарувања по основа на комунална такса за паркирање**

Општина Центар-Скопје и Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНЗИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР" Скопје склучија Договор за регулирање на начинот на исплата на вкупниот долгуван износ по основа на неплатена комунална такса за користење на просторот за паркирање на патнички моторни возила на територијата на

Општина Центар. Во 2020 година наплатени се 2.000.000,00 денари, а како побарување остануваат уште 25.339.647,00 денари.

## ОБВРСКИ

На 31.12.2020 година во сметководството на Општина Центар-Скопје евидентирани се неплатени обврски по фактури и времени ситуации на разни доверители за извршени тековни и инвестициони активности. Вкупниот износ на неплатените обврски изнесуваат 291.635.179,50 денари.

| | Обврски | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Обврски спрема набавувачи | 5.819.624,00 |
| 2. | Обврски по основа на неисплатена плата за декември 2020 година на редовно вработени лица | 4.479.097,00 |
| 3. | Обврски по основа на ДДВ | 6.339.693,00 |
| 4. | Обврски по основа на главнина од кредит | 274.996.765,50 |
| **Вкупно обврски** | | **291.635.179,50** |

- **Обврски спрема набавувачите**

Тука спаѓаат сите тековни и капитални обврски. Тековно-оперативните обврски се настанати од редовното работење на Општината. Тие ги сочинуваат обврските по основа на неплатени фактури за комунални услуги, како електрична енергија и јавно осветлување, телефонија, канцелариски материјал и сл. Капиталните обврски се обврски кон набавувачите за започнати или за завршени капитални инвестиции.

- **Обврски по основа на неисплатена плата**

Бруто-платата на редовно вработените во Општината за декември 2020 година во износ од 4.479.097,00 денари.

- **Обврски по основа на ДДВ**

Акумулираните обврските за данокот на додадена вредност за четвртиот квартал е во износ од 6.339.693,00 денари.

- **Обврски по основа на главнина од кредит**

Долгорочните обврски по основа на заем, кредит на Општина Центар со состојба на 31.12.2020 година евидентирани се на вкупен износ од 274.996.765.50 денари, и тоа кон: Комерцијална банка во износ од 226.335.069,00 денари кредит за изградба на ООУ „Кирил Глигоров", обврски кон НЛБ банка во износ од 14.066.229,50 денари кредит за изградба на Катната гаража „Судска палата" и обврски по долгорочен заем одобрен до Светска банка, подзаем од Министерството за финансии

# Годишен извештај

за проектот „Реконструкција на водоводот на ул. 'Титовелешка' и реконструкција на детската градинка 'Пепелашка'" на износ од 34.595.467,00 денари.

Општина Центар - Скопје

## IV. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД БУЏЕТСКИТЕ РЕЗЕРВИ ЗА 2020 ГОДИНА

Во согласност со одредбите од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2020 година, средствата утврдени за тековна резерва се користат со Одлука на Советот, а по исклучок за користење на средствата од тековната резерва, но најмногу до износ од 50.000 денари, одлучува Градоначалникот. Во 2020 година реализираните средства од тековните резерви се во вкупен износ од 190.222,00 денари.

| Р.Бр. | Име и презиме и број на одлука | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Во согласност со Решението на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје бр. бр.09-770/1 од 31.01.2020 година одобрени се парични средства на Срефанија Гаштарска, ученичка во најдобрата светска академија Московската државна Болшој балетска Академија (вклучително и персонален данок на доход). | 33.334,00 |
| 2. | Во согласност со Решението на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје бр. 09-410/2 од 31.01.2020 година одобрени му се парични средства на Стефан Дрмач, за учество на Меѓународната Олимпијада по природни науки во Доха-Катар (вклучително и персонален данок на доход). | 27.777,00 |
| 3. | Во согласност со Решението на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје бр. 09-3323/2 од 02.09.2020 година одобрени се парични средства на Републичкото здружение на децата бегалци-Скопје, за реализирање на активности поврзани со одбележувањето на 35 години од формирањето. | 18.000,00 |
| 4. | Во согласност со Одлуката донесена од Советот на Општина Центар-Скопје бр. 08-5011/16 од 26.11.2020 година одобрени му се парични средства на Јон Фрчкоски, за лекување на неговото дете Ева Фрчкоска (вклучително и персонален данок на доход) | 111.111,00 |
| | **Вкупно исплатени** | **190.222,00** |

## V. СОСТОЈБА НА ЖИРО-СМЕТКИ ЗАКЛУЧНО СО 31.12.2020 ГОДИНА

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Состојба на сметка на Буџет на Општина Центар-Скопје | 73.478.290,00 ден. |
| 2. | Состојба на донаторската сметка за проектот „Општина по мерка на граѓаните" | 238.149,00 ден. |
| 3. | Состојба на донаторска сметка за проектот „Европа за граѓаните" | 0,00 ден. |
| 4. | Состојба на донаторската сметка за енергетска ефикасност за ООУ „Димитар Миладинов"-Скопје | 1.098.589,00 ден. |
| 5. | Состојба на донаторска сметка за набавка на опрема за одржување на хигиена на јавни површини | 50.000,00 ден. |
| 6. | Состојба на донаторска сметка за проект – Зајакнување на капацитетите на детските градинки на територија на Општина Центар Скопје и младински центар за подобра социјална инклузија | 285,00 ден. |
| 7. | Состојба на сметката за МСИП/73 за ул. „Титовелешка" и градинката „Пепелашка" | 0,00 ден. |
| 8. | Состојба на донаторска сметка за опремување со мебел и кујнска опрема на ЈУОДГ "Р.Ј.Корчагин" - Пепелашка | 0,00 ден. |
| 9. | Состојба на сметката за трансфери до ОИК | 22.000,00 ден. |
| 10. | Состојба на сметката за проектот „Општинско-корисна работа" | 0,00 ден. |
| 11. | Состојба на наменска сметка за проек – "Уредување на излози и реклами во Старата скопска чаршија" | 0,00 ден. |
| 12. | Состојба на наменска сметка за намалување на аерозагадувањето | 0,00 ден. |
| 13. | Состојба на сметката за трансфери од Агенцијата за државни патишта | 0,00 ден. |
| 14. | Состојба на сметката за блок-дотации | 3.386.524,00 ден. |
| | **ВКУПНО** | **78.273.837,00 ден.** |

## VI. ИЗВЕШТАЈ ОД ОДГОВОРЕН СМЕТКОВОДИТЕЛ

Сметководствената евиденција во Општина Центар-Скопје се води во согласност со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и прифатените сметководствени политики и сметководствени стандарди. Во сметководството се обезбедуваат податоци поединечно по сите видови приходи и други видови приливи, за расходите и за другите одливи.

Податоците во годишната (завршна сметка ) на Општина Центар-Скопје за сите сметки го искажуваат реалното трошење на средствата по програми, потпрограми и намени, како и остварувањето на сите приходи по сметки, потсметки и по видови приходи.

Во согласност со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола воспоставени се пишани процедури за движење на документите, нивна контрола и евидентирање во сметководството на Општина Центар-Скопје.